Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На 20.10.2022 година, Националниот превентивен механизам (НПМ) спроведе редовна ненајавена посета на Привремениот транзитен центар (ПТЦ) Табановце, а на 28.10.2022 година во Привремениот транзитен центар Винојуг.

Целта на овие посети, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради превенција од тортура или друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

При посетите на Транзитните центри беа испитувани:

- материјалните услови во местата за сместување и задржување,
- постапувањето на службените лица во Центрите,
- евиденциите на лицата коишто се сместени/задржани во Центрите,
- други места (работни простории и др. помошни простории како кујна, тоалети и сл.).

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам посветува особено внимание и континуирано го следи постапувањето со мигрантите во местата каде што се сместуваат и задржуваат.

Овие лица се наоѓаат во позиција на посебна ранливост имајќи предвид дека се надвор од нивните земји на потекло, не се запознаени со правниот контекст ниту со јазикот во земјата каде што се наоѓаат. Најголемиот дел од нив искусиле долги и трауматични искуства за време на патувањата, а некои од нив и во своите земји на потекло коишто ги напуштиле поради страв од прогон, сериозни прекршувања на човековите права или конфликт.

За разлка од ПТЦ Табановце, каде што со одредени исклучоци, лицата коишто се сместени во Центарот имаат можност слободно да го напуштат истиот, во ПТЦ Винојуг продолжува праксата лицата да се задржуваат без да им бидат издадени посебно индивидуални решенија во коишто ќе бидат наведени причините за сместувањето/задржувањето, времетраење на задржувањето, можноста и рокот за обжалување на таквото решение и пристапот до правна помош.

На припадниците на Министерството за внатрешни работи коишто се присутни во Центрите, во вршењето на задачите и обврските за обезбедување на излезите од Центрите, обезбедување на редот и мирот, непосредниот надзор над лицата коишто се сместени (по потреба) и за патролирање, им се дадени на испомош војници од Армијата.

Примарна медицинска заштита, како и лекарска грижа во двата транзитни центри се обезбедува од страна на претставницните на Црвениот Крст и Меѓународната организација за миграции.

Во прифатните центри, исто така, има постојано присуство и на претставници од Министерството за труд и социјална политика, од каде што и им се назначуваат старатели на децата без придружба.

Присутни се и претставници на меѓународни и невладини домашни организации коишто на задржаните лица им овозможуваат пристап до услуги во рамки на нивниот делокруг на работење (правно информирање, психо-социјална поддршка, неформално образование и сл.), со таа разлика што во ПТЦ Табановце е помалку забележително ваквото присуство.

Националниот превентивен механизам по спроведените посети ќе подготви посебени извештаи во кои ќе ги констатира позитивните и негативните состојби и ќе даде соодветни препораки до релевантните органи со цел да се елиминираат недостатоците.